**Врз основа на договорот за соработка и стипендирање на постдипломски студии склучен помеѓу Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Универзитет Американ Колеџ Скопје, се распишува:**

# КОНКУРС

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЦЕЛОСНИ СТИПЕНДИИ ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ – НАСОКА МЕНАЏМЕНТ И СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

## НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ,

## УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Цементарница УСЈЕ АД Скопје е општествено одговорна компанија, која меѓу другото, придонесува кон развој на човечкиот капитал и потенцијал во Република Македонија. За таа цел, Цементарница УСЈЕ АД Скопје во соработка со Универзитет Американ Колеџ Скопје (УАКС) за академската 2016/2017 година доделува целосни стипендии за постдипломски студии за следните програми на Факултетот за деловна економија и организациони науки и тоа:

- 2 целосни стипендии за насока менаџмент (4+1)
- 1 целосна стипендија за насока сметководство и ревизија (4+1 или 3+2)

### 2. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат сите кандидати кои ги исполнуваат следните услови:

1. Да се државјани на Република Македонија или странски државјани со регулиран престој во Република Македонија;
2. Да имаат освоено 240 ЕКТС во текот на студирањето и просек од минимум 8; за смер сметководство и ревизија да имаат освоено 180 ЕКТС кредити и просек од минимум 8;
3. Одлично познавање англиски јазик;
4. Интерес и посветеност на полето на ангажираност;
5. Висока мотивација и интерес за постдипломски студии.

**3. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Кандидатите кои се пријавуваат на конкурсот треба да пополнат пријава која е објавена на веб страната на Цементарница УСЈЕ и УАКС **почнувајќи од 14.10.2016 година до 25.10.2016 година** и да ја достават електронски на е-маил адреса: smokvarski@uacs.edu.mk (телефон за контакт: 02 2 463 156 / локал 131).

Потребни документи за конкурсот:

1. Копија од потврда за државјанство или регулиран престој во РМ;

2. Копија од уверение за остварени 240 кредити и просек, и копија од уверение за остварени 180 кредити и просек за насока сметководство и ревизија;

3. Потврда за одлично познавање на англиски јазик;

4. Две препораки;

5. Мотивациско писмо и биографија.

**Комплетната документација може да се испрати на е-маил адреса** smokvarski@uacs.edu.mk **или по пошта најдоцна до 25.10.2016 на адреса:**

Универзитет Американ Колеџ Скопје

(Комисија за избор на МБА стипендисти)

Трета македонска бригада бр. 60

1000 Скопје

**4. Селекција**

Селекцијата и рангирањето ќе бидат направени од страна на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Само избраните кандидати за интервју ќе бидат контактирани.

*Цементарница УСЈЕ АД Скопје обезбедува еднакви можности и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.*